Финансиски извештаи и извештај на независните ревизори

Мермерен Комбинат АД Прилеп

31 декември 2013 година

Содржина

	Страна
Извештај на независните ревизори	1
Извештај за финансиската состојба	4
Извештај за сеопфатната добивка	5
Извештај за промените во капиталот	6
Извештај за парични текови	7
Белешки кон финансиските извештаи	8
Прилози	

Извештај на независните ревизори

Grant Thornton DOO
M.H.Jasmn 52 v - 1/7
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (2) 3214 700
F +389 (2) 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До Раководството и Акционерите на

Мермерен Комбинат АД Прилеп

Извештај за финансиските извештаи
Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Мермерен Комбинат АД Прилеп ("Друштвото"), составени од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2013 година, и Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки вклучени на страните од 4 до 48.

Одговорност на Раководството за финансиските извештаи
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои не содржат материјално погрешни прикажувања како резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази претставуваат задоволителна и соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење
Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на ден 31 декември 2013 година, како и резултатот од неговото работење и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

Нагласок врз одредени прашања
Обрнуваме внимание на следново:
Како што е објавено во Белешка 2.1 од финансиските извештаи, Друштвото изврши ретроспективна корекција на споредбените податоци на и за годината што завршува на 31 декември 2012 година. Ретроспективната корекција е извршена врз основа на спроведената контрола од страна на локалните даночни органи за финансискиот период од 2009 до 2011 година. Понатаму, следејќи ги барањата на МСС 1, презентиран е дополнителен извештај за финансиската состојба на 01 јануари 2012 година. Детали од ефектите кои што произлегуваат од ретроспективната корекција се обелоденети во Белешка 2.24.

Нашето мислење не е изменето врз основа на погоре наведеното.

Извештај за други правни и регулаторни барања
Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2013 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2013, во согласност со МСР 720, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија (Сл.Весник на РМ број 158 од 2010 година).

Наше мислење е дека, историските финансиски информации изнесени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2013, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2013.

Скопје,

28 февруари 2014 година

Грант Торнтон ДОО

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Директор
Ружа Филипчева

Овластен Ревизор
Марјан Андонов

Извештај за финансиската состојба

(Во 000 МКД)

	Бел.	31 декември 2013	31 декември 2012 (Корегирани)	01 јануари 2012 (Корегирани)
Средства				
Нетековни средства				
Недвижности, постројки и опрема	5	795,866	804,241	812,138
Нематеријални средства	6	146,266	138,101	21,447
		942,132	**942,342**	**833,585**
Тековни средства				
Залихи	8	340,528	389,151	371,471
Побарувања од купувачи и останати побарувања	9	235,099	291,245	357,083
Останати краткорочни финансиски средства	10	-	5	6
Парични средства и еквиваленти	11	79,376	77,012	44,116
		655,003	**757,413**	**772,676**
Вкупно средства		**1,597,135**	**1,699,755**	**1,606,261**
Капитал				
Акционерски капитал	12	541,150	541,150	541,150
Останати компоненти на капиталот	12	159,188	159,188	263,040
Акумулирана добивка		329,702	270,623	313,563
Вкупен капитал		**1,030,040**	**970,961**	**1,117,753**
Обврски				
Нетековни обврски				
Позајмици	13	272,623	323,217	107,635
		272,623	**323,217**	**107,635**
Тековни обврски				
Позајмици	13	103,911	182,088	114,974
Обврски кон добавувачи и останати обврски	14	184,719	211,825	211,978
Обврски по даноци	15	5,842	11,664	53,921
		294,472	**405,577**	**380,873**
Вкупно обврски		**567,095**	**728,794**	**488,508**
Вкупно капитал и обврски		**1,597,135**	**1,699,755**	**1,606,261**

Овие финансиски извештаи се одобрени од Одборот на Директори на Друштвото на 27 февруари 2014 година и потпишани во негово име од:

Г-дин Theodoros Malfas
Претседател на Одборот на Директори

Г-дин Ilias Rigopoulos
Главен Извршен Директор

Извештај за сеопфатната добивка

	Белешки	(Во 000 МКД) Година што завршува на 31 декември 2013	2012 (Корегирани)
Приходи од продажба	16	1,034,204	816,111
Цена на чинење на продажбата	17	(513,441)	(440,145)
Бруто добивка		**520,763**	**375,966**
Административни и продажни трошоци	18	(468,160)	(274,232)
Останати деловни трошоци	20	(10,027)	-
Останати деловни приходи	21	42,020	42,282
Добивка од редовно работење		**84,596**	**144,016**
Финансиски приходи	22	10,508	8,156
Финансиски (расходи)	22	(36,025)	(41,183)
Финансиски (расходи), нето		(25,517)	(33,027)
Добивка пред оданочување		**59,079**	**110,989**
Даночен расход	23	-	-
Добивка за годината		**59,079**	**110,989**
Останата сеопфатна добивка за годината		-	**-**
Вкупна сеопфатна добивка за годината		**59,079**	**110,989**
Тековна добивка која им припаѓа на имателите на обични акции		**59,079**	**110,989**
Вкупна сеопфатна добивка која им припаѓа на имателите на обични акции		**59,079**	**110,989**
Заработувачка по акција (во Денари по акција)	25		
Основна заработувачка по акција			
- Заработувачка од постојано работење		12,61	23,68
- Заработувачка од непостојано работење		-	-
Вкупно		12,61	23,68
Разводнета заработувачка по акција			
- Заработувачка од постојано работење		12,61	23,68
- Заработувачка од непостојано работење		-	-
Вкупно		12,61	23,68

Извештај за промените во капиталот

(Во 000 МКД)

	Акционерски капитал	Останати компоненти на капиталот	Акумулирана добивка	Вкупно
На 1 јануари 2013 (корегирано)	**541,150**	**159,188**	**270,623**	**970,961**
Трансакции со сопствениците	**-**	**-**	**-**	**-**
Добивка за годината	-	-	59,079	59,079
Останата сеопфатна добивка:				
Вкупна останата сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**-**
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**59,079**	**59,079**
На 31 декември 2013	**541,150**	**159,188**	**329,702**	**1,030,040**
На 1 јануари 2012 како што е претходно известено	**541,150**	**557,863**	**16,538**	**1,115,551**
Корекции (Белешка 2.24)	-	(294,865)	297,067	2,202
Пренос во резерви	-	42	(42)	-
На 1 јануари 2012 (корегирано)	**541,150**	**263,040**	**313,563**	**1,117,753**
Објавени дивиденди	-	(103,852)	(153,929)	(257,781)
Трансакции со сопствениците	**-**	**(103,852)**	**(153,929)**	**(257,781)**
Добивка за годината (корегирано)	-	-	110,989	110,989
Останата сеопфатна добивка:				
Вкупна останата сеопфатна добивка	**-**	**-**	**-**	**-**
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**110,989**	**110,989**
На 31 декември 2012 (корегирано)	**541,150**	**159,188**	**270,623**	**970,961**

Извештај за парични текови

	Белешки	(Во 000 МКД) 31 декември 2013	2012 (Корегирани)
Оперативни активности			
Добивка пред оданочување		59,079	110,989
Корекции за:			
Амортизација и депрецијација	5, 6	149,572	63,715
Резервирање поради оштетување и отпис на побарувања	18	7,222	18,319
Кусоци	18	-	180
Растур, расипување и крш	18	501	8,402
Отпис и исправка на застарени залихи	18	81,474	7,283
Приходи од корекции на исправка на вредноста на залихите	21	(18,382)	(33,988)
Исправка на вредноста на недвижности, постројки и опрема	5	14,726	-
Нето евидентирана вредност на отпишана опрема	18	1,524	31
Загуби од продажба на државни обврзници	18	-	-
Приход од продадени материјални средства		(137)	-
Отпис на обврски	21	(668)	(52)
Приход од побарувања кои претходно биле вредносно усогласени	21	(8,813)	-
Вишоци	21	-	(45)
Финансиски расходи, нето		20,233	25,724
Добивка од работење пред промени во оперативен капитал		306,331	200,558
Промени во оперативниот капитал:			
Залихи		(14,968)	500
Побарувања од купувачи и останати побарувања		63,121	34,744
Обврски кон добавувачи и останати обврски		(27,070)	18,690
Готовина во деловното работење		327,414	254,492
Платени камати		(27,557)	(27,677)
Платен данок на добивка		(4,569)	(62,206)
Парични текови од деловното работење		**295,288**	**164,609**
Инвестициони активности			
Набавка на материјални средства, нето од приходи од прод.		(150,658)	(50,659)
Набавка на нематеријални средства, нето од приходи од прод.		(15,393)	(121,854)
Прилив од продажба на државни обврзници, нето		5	1
Примени камати		1,893	3,066
Парични текови (употребени во) инвестициони активности		**(164,153)**	**(169,446)**
Финансиски активности			
(Отплата на позајмици)/ Нови позајмици, нето		(128,771)	282,696
Платени дивиденди		-	(244,963)
Парични текови (употребени во) фин. активности, нето		**(128,771)**	**37,733**
Нето промени кај паричните средства и еквиваленти		2,364	32,896
Парични средства и еквиваленти на почетокот	11	77,012	44,116
Парични средства и еквиваленти на крајот	**11**	**79,376**	**77,012**

Белешки кон финансиските извештаи

1 Општи информации

Мермерен Комбинат А.Д. Прилеп ("Друштвото") е Акционерско Друштво основано и со седиште во Република Македонија. Адресата на неговото регистрирано седиште е: Ул. "Крушевски пат" бб, Прилеп, Република Македонија.

На 10 април 2009 година Stone Works Holding Cooperatief U.A Netherlands во сопственост на приватен инвестициски фонд управуван од NBGI Private Equity, купи 88.4% од акциите на Друштвото.

Акциите на Друштвото котираат на Македонската берза за хартии од вредност и Атинската берза за хартии од вредност преку ЕЛПИС статус (потврди од грчки депозитар).

Основната дејност на Друштвото вклучува ископ, обработка и дистрибуција на мермер и декоративен камен. Друштвото ги врши деловните активности на домашен и странски пазари, и со состојба на 31 декември 2013 година вработува 356 лица (2012: 383 лица).

2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

2.1 Основа за подготовка

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" бр. 28/2004 ... 187/2013) и Правилникот за водење сметководство ("Службен весник на РМ" бр. 159 од 29 декември 2009 година, бр. 164 од 2010 година и 107 од 2011 година). Според овој Правилник се пропишува водењето сметководство во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) вклучувајќи ги и Толкувањата на постојниот комитет за толкување (ПКТ) и Толкувања на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување утврдени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (КТМФИ) издадени на 1 јануари 2009 година.

Основа за подготовка (продолжува)

Финансиските извештаи се подготвени според концептот на историска вредност освен за финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства и обврски (вклучувајќи и деривативни инструменти), доколку постојат, кои се мерат по објективната вредност. Основите за мерење на секој поединечен вид на средство, обврска, приход и расход се детално опишани во продолжение на оваа Белешка.

Подготовката на овие финансиски извештаи во согласност со МСФИ прифатени и објавени во Република Македонија бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара Раководството на Друштвото да употребува свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачјата во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Значајни сметководствени проценки.

Компаративните информации прикажани во овие финансиски извештаи со состојба на и за годината завршена на 31 декември 2012 година се корегирани. Корегираниот извештај, согласно со барањата на МСС 8 Сметководствени политики, промени во сметководствени проценки и грешки, е направен врз основа на контрола извршена од страна на локалните даночни органи за финансиските периоди од 2009 до 2011 година.

Исто така, во согласност со барањата на МСС 1, презентиран е дополнителен извештај за финансиската состојба заклучно со 01 јануари 2012 година. МСС 1.10 (ф) И МСС 1.40А бараат Друштвото да презентира извештај за финансиска состојба на почетокот на периодот за кој се однесува (т.е. трета колона на извештај за финансиската состојба) ако (а) тоа се однесува на сметководствената политика ретроспективно, прави ретроспективна корекција на ставките во финансиските извештаи или ги прекласифицира ставките во финансиските извештаи и (б) ретроспективната примена, ретроспективната корекција или прекласификацијата имаат материјален ефект на информациите во извештајот за финансиската состојба на почетокот на периодот за кој се однесува.

Деталите за влијанието на корегираниот извештај се прикажани во Белешка 2.24.

2.2 Трансакции во странска валута

Функционална и презентациска валута

Друштвото ја води својата сметководствена евиденција и ги составува своите законски извештаи во локална валута, односно во Македонски Денар (МКД), што претставува функционална валута на Друштвото. Овие финансиски извештаи се претставени во денари, што претставува презентациска валута на единствената компанија- Матично Друштво на Друштвото.

Трансакции во странска валута (продолжува)

Резултатите на Друштвото се конвертирани во презентациска валута како што следи:

- Средствата и обврските за секоја презентирана финансиска позиција е конвертирана според крајниот курс на денот на извештајот за финансиската состојба
- Приходите и расходите за секој извештај за сеопфатна добивка се преведени според просечниот курс, и
- Курсните разлики кои произлегуваат се признаваат во друг севкупен приход.

Трансакции и салда

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски Денари ("Денари") по средниот курс на Народната Банка на Република Македонија на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики прикажани се во Извештајот за сеопфатната добивка како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Извештајот за финансиска состојба деноминирани во странска валута, се следните.

	31 декември 2013	**31 декември 2012**	**01 јануари 2012**
1 УСД	44.6284 Денари	46.6510 Денари	47.5346 Денари
1 ЕУР	61.5113 Денари	61.5000 Денари	61.5050 Денари
Прос. курс на Евро	61.5057 Денари	61.5025 Денари	61.5050 Денари

2.3 Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се евидентирани по нивната ревалоризирана вредност, утврдена по пат на проценка извршена од независни овластени проценители, намалена за акумулираната депрецијација и резервирањето поради оштетување. Зголемувањето на евидентираната вредност на недвижностите, постројките и опремата поради ревалоризацијата е признаено во корист на ревалоризационите резерви во рамките на капиталот на Друштвото. Кога ревалоризираните средства се расходуваат или продаваат, соодветниот дел од ревалоризационите резерви се пренесува во корист на нераспределената добивка за периодот.

Депрецијацијата се пресметува во Извештајот за сеопфатната добивка според право-пропорционалната метода во текот на проценетиот корисен век на недвижностите, постројките и опремата. Изградените недвижности, постројки и опрема се амортизираат од моментот на нивното ставање во употреба. Депрецијација не се пресметува на земјиштето и инвестициите во тек.

Проценетиот корисен век е како што следи:

	2013	2012
Згради	20 години	40 години
Машини	4-10 години	10-20 години
Погонска опрема	4-10 години	4-20 години
Моторни возила и мебел	4-5 години	4-20 години

Недвижности, постројки и опрема (продолжува)

Резидуалните вредности како и векот на употреба на средствата се проверуваат и доколку е потребно се корегираат, на секој датум на Извештајот за финансиската состојба. Евидентираната вредност на средствата се намалува веднаш до нивната надоместлива вредност во случај кога евидентираната вредност ја надминува надоместливата вредност (Белешка 2.5).

Приходите или расходите поврзани со оттуѓувања се одредуваат по пат на споредба на приливите од оттуѓување со евидентираниот износ и се евидентираат во Извештајот за сеопфатната добивка како останати приходи или останати расходи.

Трошоците по камати за позајмици кои се користат за финансирање на изградба на недвижностите, постројките и опремата се капитализираат за време на периодот кој е потребен да се завршат и подготват средствата за нивно ставање во употреба. Останатите трошоци по основ на позајмици се евидентирани како трошок.

Трошоците за редовно одржување и поправки се евидентираат како деловни расходи во моментот на нивното настанување. Унапредувањата на постоечките средства се капитализираат само доколку тоа ги зголемува идните економски користи опфатени во ставката на недвижности, постројки и опрема.

2.4 Нематеријални средства

Трошоци за истражување и развој

Трошоците за истражувачки активности кои се превземаат со цел да се добијат нови научни или технички познавања и разбирања се евидентираат во Извештајот за сеопфатната добивка како трошоци во моментот на нивното настанување. Трошоците за развојни активности, со кои наодите од истражувањата се внесуваат во план или дизајн за производство на нови или значително подобрени производи и процеси се капитализираат доколку производот или процесот е технички или комерцијално оправдан и Друштвото има доволно ресурси за реализирање на развојот. Капитализираните трошоци ги вклучуваат набавната вредност на материјалите, директна работна сила и соодветен дел од општите трошоци. Останатите трошоци за развој се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка како трошоци во моментот на нивното настанување. Капитализираните развојни трошоци се евидентираат по набавна вредност намалена за исправка на вредноста и загуби од оштетување. Амортизација се признава во тековните расходи користејќи праволиниска метода во текот на периодот на очекувана корист, кој се проценува дека изнесува пет години.

Трошоци за отворање на нови подрачја

Друштвото ги признава трошоците за отворање на нови подрачја како средства ако и само ако следните услови се исполнети:

- Веројатно е дека идните економски бенефити (подобрен пристап до локациите со руда) поврзани со отварање на нови подрачја, ќе се прелеат на сметка на Друштвото;
- Друштвото може да ја идентификува компонентата локалитетот со руда до кое место пристапот е подобрен; и
- Трошоците кои се однесуваат на отворањето на нови подрачја поврзани со компонентата можат да бидат измерени.

Нематеријални средства (продолжува)

Средствата за отворање на нови подрачја се евидентираат како дополнување на нематеријални средства. Почетно, тие се мерат по набавна вредност, а тоа е акумулација на трошоци кои се директно направени за вршење на активност за отворање на нови подрачја која го подобрува пристапот до идентификуваната компонента или руда, плус распределба на припишани индиректни трошоци. Трошоците поврзани со инцидентно работење не се вклучени во цената на средствата потребни за отворање нови подрачја. По почетното признавање, средствата за отворање нови подрачја се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и помалку поради загуби од оштетувања, доколку ги има. Средствата за отворање на нови подрачја ќе се амортизираат врз систематска основа, во текот на очекуваниот век на идентификуваната компонента на рудата која е попристапна поради отворањето на подрачјето.

Останати нематеријални средства

Трошоците за стекнување права и лиценци се капитализирани и амортизирани користејќи праволиниска метода во текот на период од пет години.

2.5 Оштетување на нефинансиски средства

Недвижностите, постројките и опремата, како и нематеријалните средства се проверуваат за постоење на можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени на услови укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести. Секогаш кога евидентираниот износ на средствата го надминува нивниот надоместлив износ, се признава загуба од оштетување во Извештајот за сеопфатната добивка. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата. Нето продажната цена е износ кој се добива од продажба на средство во трансакција помеѓу добро известени субјекти, додека употребената вредност е сегашната вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместливите износи се проценуваат за поединечни средства или, ако е тоа неможно, за целата група на средства која генерира готовина.

2.6 Финансиски средства

Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, финансиски средства кои се чуваат до моментот на нивното доспевање, кредити и побарувања и финансиски средства расположливи за продажба. Класификацијата зависи од целта поради која финансиските средства биле набавени. Раководството ги класифицира своите вложувања во моментот на нивното првично признавање.

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби

Финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби се финансиски средства кои се наменети за тргување. Финансиското средство се класифицира во оваа категорија доколку е стекнато претежно со цел за продажба на краток рок. Средствата од оваа катекорија се класифицираат како тековни средства.

Финансиски средства (продолжува)
Средствата во оваа категорија се евидентираат по објективна вредност при што промената во објективната вредност се признава во тековните приходи или расходи.

Оваа категорија на финансиски средства се состои од државни обврзници кои се презентирани како "останати краткорочни финансиски средства".

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање
Финансиски средства кои се чуваат до доспевање на недеривативни финансиски средства или определени плаќања и фиксно доспевање кои менаџментот на Друштвото има позитивна намера и можност да ги чува до доспевање. Друштвото нема средства класифицирани во оваа категорија.

Кредити и побарувања
Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се вклучени во тековните средства, освен оние кои доспеваат во период подолг од 12 месеци од датумот на известување. Тие се класифицираат како нетековни средства.

Кредитите и побарувањата на Друштвото на датумот на извештајот за финансиската позиција се состојат од побарувања од купувачи и останати побарувања и пари и парични еквиваленти.

Финансиски средства расположиви за продажба
Финансиски средства расположливи за продажба се не-деривативи, кои се креирани во оваа категорија или пак не се класифицирани во било која од останатите категории. Тие се вклучени во нетековни средства, освен ако раководството нема намера да го отуѓи вложувањето во рок од 12 месеци од датумот на известување. На датумот на известување Друштвото нема средства класифицирани во оваа категорија.

Признавање и мерење на финансиските средства
Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на трансакцијата - датумот на кој што Друштвото има обврска да го купи или продаде средството.

Сите финансиски средства различни од средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакциите. Средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакциите се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Друштвото ги пренело значително сите ризици и користи од сопственоста.

Финансиските средства расположливи за продажба и финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентирани по нивната објективна вредност. Позајмиците и побарувањата се евидентирани по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата.

Финансиски средства (продолжува)

Добивките и загубите кои произлегуваат од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во Извештајот за сеопфатната добивка како "останати (загуби)/добивки нето" во периодот кога настануваат.

Приходите од дивиденди од финансиските средства преку добивки и загуби се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка како дел од останатите приходи во моментот кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденда. Промените на објективната вредност на монетарните и не-монетарните вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаени во останатата сеопфатна добивка.

Кога хартиите од вредност класифицирани како расположливи за продажба се продаваат или се оштетени, акумулираната корекција на објективната вредност признаена во капиталот се вклучува во Извештајот за сеопфатната добивка како добивки и загуби од вложувања во хартии од вредност.

Каматите на вложувањата во хартии од вредност расположливи за продажба се пресметани со употреба на методата на ефективна камата и се признаени во Извештајот за сеопфатната добивка како дел од останатите приходи. Дивидендите на вложувањата во инструменти на капиталот расположливи за продажба се признаени во Извештајот за сеопфатната добивка како дел од останатите приходи и кога Друштвото има воспоставено право на прилив од дивиденди.

Објективните вредности на котираните вложувања се базираат на тековните цени на котација. Доколку пазарот за некое финансиско средство не е активен (и за некотирани хартии од вредност), Друштвото утврдува објективна вредност по пат на употреба на техники на проценка.

Оштетување на финансиски средства

a. Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проценува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. Финансиското средство или групата на финансиски средства, се оштетени, и загуба поради оштетување се евидентира само ако постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани кои се случиле по првичното признавање на средствата и дека настанот има влијание на очекуваните идни парични текови на финансиското средство или групата на финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Како докази за оштетување може де се земат индикациите дека должникот или групата должници имаат значајни финансиски тешкотии, доцнење при исплата на главница и камата, веројатност дека ќе влезат во стечај или друга регорганизација, и каде што постојат видливи индикации за намалување на идните парични текови како што се промените во економските услови кои кореспондираат со загубата.

Финансиски средства (продолжува)

За категоријата кредити и побарувања износот на загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проџенетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство.

Евидентираниот износ на средството се намалува и износот на загубата истовремено се признава во Извештајот на сеопфатната добивка. Доколку кредитот или средството кое се чува до доспевање е со променлива каматна стапка, тековната ефективна каматна стапка утврдена според договорот претставува стапката на мерење на било која загуба од оштетување. На пример, Друштвото може да го измери оштетувањето на средството врз основа на објективната вредност на инструментот, користејќи пазарна џена.

Доколку во некој последователен период износот на оштетувањето се намали и тоа намалување може обејктивно да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на оштетувањето (како на пример подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба ќе биде вратена со корекџија во Извештајот на сеопфатната добивка.

б. Финансиски средства расположливи за продажба

На секој датум на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото проџенува дали постои објективен доказ за оштетување на едно финансиско средство или група на финансиски средства. За должнички хартии од вредност, Друштвото ги користи критериумите наведени во подточка (а). Кај сопственички хартии од вредност расположливи за продажба, значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на хартиите од вредност под нивната набавна вредност претставува индикатор дека средството е оштетено. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност, намалена за загубата поради оштетување претходно признаена во Извештајот за финансиската состојба, се отстранува од капиталот и се признава во Извештајот за сеопфатната добивка. Загубите поради оштетување признаени во Извештајот за сеопфатната добивка за вложувањата во инструменти на капиталот не се коригираат преку Извештајот за сеопфатната добивка.

Доколку во некој последователен период објективната вредност на должничките инструменти евидентирани како финансиски средства расположливи за продажба се зголеми и зголемувањето може обејктивно да се поврзе со некој настан по датумот на евидентирањето на оштетувањето во добивките или загубите, претходно признаената загуба ќе биде вратена со корекџија во Извештајот на сеопфатната добивка.

2.8 Пребивање на финансиските инструменти

Финансиските средства и обврски се пребиваат и нето вредноста се презентира во Извештајот за финансиска состојба, кога постои законско извршно право за пребивање на признаените вредности и постои можност да се порамнат на нето основа или пак истовремено да се реализираат средствата и подмират обврските.

2.9 Залихи

Залихите се евидентирани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. Трошокот на залихите се одредува користејќи го методот на пондендиран просек. Трошокот за готовите производи и за производство во тек вклучува трошоци направени за дизајнирање, за суровини, директна работна сила, други директни трошоци и општи трошоци на производство (утврдени врз основа на нормалниот оперативен капацитет). Трошокот на залихите не ги вклучува трошоците по камати за позајмици. Нето реализационата вредност претставува продажна вредност во секојдневниот тек на работата, намалена за применливите променливи продажни трошоци.

2.10 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувања од купувачите претставуваат износи од купувачи за продадени стоки или извршени услуги во нормалниот тек на работењето. Доколку наплатата на побарувањата се очекува за една или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус дококлку е подолг), побарувањата се класифицирани како тековни средства. Доколку не го исполнуваат наведениот услов, истите се класифицираат како не-тековни средства.

Побарувањата од купувачи иницијално се признаваат по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка, нето од резервирањето поради оштетување. Резервирање поради оштетување се пресметува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите побарувања според нивните оригинални услови на побарувања.

Значителни финансиски потешкотии на должникот, веројатноста за стечај или финансиско реорганизирање како и пролонгирање или неможност за плаќање (повеќе од 90 дена) претставуваат индикатори дека побарувањата од купувачи се оштетени. Посебно значајните должници се тестирани за оштетување секој поединечно. Останатите должници се испитуваат заеднички во групи кои имаат слични карактеристики на кредитен ризик.

Износот на резервирањето претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Средствата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, а расходот се признава во Извештајот за сеопфатната добивка во рамките на продажни и административни трошоци. Во случај на ненаплатливост на побарувањето истото се отпишува во сметката за резервирање поради оштетување за побарувања од купувачи. Последователната наплата на претходно отпишаните износи се признаваат во рамките на продажни и административни трошоци во Извештајот за сеопфатната добивка.

2.11 Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и еквиваленти вклучуваат готовина во благајна, депозити по видување во банки и други краткорочни високоликвидни вложувања кои доспеваат во периоди не подолги од 3 месеци.

2.12 Капитал, резерви, нераспределени добивки и дивиденди

(а) Акционерски капитал
Акционерскиот капитал се состои од објективната вредност на монетарните влогови од страна на акционерите.

(б) Резерви
Законските резерви се создадени во текот на периодите по пат на распределба на акумулирани добивки врз основа на законската регулатива и одлуките на Раководството на Друштвото. Ревалоризираните резерви се состојат од ефектите од ревалоризацијата на недвижностите, постројките и опремата.

(в) Нераспределени добивки
Нераспределните добивки ги вклучуваат задржаните добивки од тековниот и претходните периоди.

(г) Дивиденди на обични акции
Дивидендите се признаваат во капиталот во периодот во кој што се одобрени од страна на сопствениците на Друштвото. Дивидендите за годината што се објавени по датумот на Извештајот за финансиската состојба се објавени во Белешката за настани по датумот на известување.

2.13 Обврски кон добавувачи

Обврските кон добавуачи се обврски за плаќање за стоки или услуги кои се стекнати во нормалниот тек на работењето. Обврските се евидентираат како тековни доколку плаќањето на истите се изврши во рок од една година или помалку од една година (или во временска рамка на еден оперативен циклус дококлку е подолг). Доколку не го исполнуваат наведниот услов, истите се класифицираат како не-тековни обврски. Обврските кон добавувачи се евидентирани по нивната објективна вредност и последователно се измерени според нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

2.14 Позајмици

Позајмиците иницијално се евидентирани според нивната објективна вредност, намалена за трошоците на трансакција. Последователно, позајмиците се евидентираат според нивната амортизирана набавна вредност; разликите помеѓу примањата (намалени за трошоците на трансакцијата) и надоместливиот износ се признаваат во Извештајот за сеопфатната добивка за времетраењето на позајмиците, користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Надоместоците кои се плаќаат за воспоставување на кредитни линии се признаваат како трошок за трансакцијата на позајмицата доколку постои веројатност дека дел или целата линија ќе се повлече. Во овој случај, надоместокот се одложува до моментот на повлекувањето.

Доколку не постои доказ дека ќе се повлече одреден дел или сите кредитни линии, надоместокот се капитализира како однапред извршени плаќања за ликвидност и се амортизира за периодот на аранжманот. Позајмиците се класифицирани како тековни обврски освен доколку Друштвото има безусловно право за подмирување на обврската за најмалку 12 месеци по датумот на Извештајот за финансиската состојба.

2.15 Трошоци за позајмување

Општите и посебните трошоци за позајмици директно поврзани со стекнување, изградба или производство на квалификувани средства, кои претставуваат средства за кои е потребен значителен период на време да се подготват за нивната наменска употреба или продажба, се додаваат на набавната вредност на тие средства, до моментот кога средствата се значително подготвени за нивната наменска употреба или продажба.

Приходите од вложувања стекнати од привремена инвестиција на специфични обврски по кредити каде се очекуваат трошоците за квалификувани средства се одземаат од трошоците за позајмување кои можат да се квалификуваат за капитализација.

Сите останати трошоци за позајмици се признаени во добивки или загубите во периодот во кој настанале.

2.16 Тековен и одложен даночен расход

Тековен даночен расход, по стапка од 10%, се пресметува на непризнаените расходи за даночни цели корегирани за даночниот кредит и на помалку искажани приходи, како и на распределената добивка за дивиденди на правни лица - нерезиденти и на физички лица. Нераспределената добивка не се оданочува.

Одложениот даночен расход се евидентира во целост, користејќи ја методата на обврска, за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот даночен расход се користат тековните важечки даночни стапки. Одложениот даночен расход се задолжува или одобрува во Извештајот за сеопфатната добивка, освен доколку се однесува на ставки кои директно го задолжуваат или одобруваат капиталот, во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот.

Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположлива оданочива добивка.

Со состојба на 31 декември 2013 и 2012 година, Друштвото нема евидентирано одложени даночни средства или обврски, бидејќи не постојат временски разлики на овие датуми.

2.17 Надоместоци за вработените

Придонеси за пензиско осигурување

Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите се плаќаат на првиот и вториот пензиски фонд одговорни за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

Надоместоци за вработените (продолжува)

Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие. Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како краткорочен бонус во пари или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се проџени веродостојно.

Обврски при пензионирање на вработените

Друштвото, согласно законската регулатива исплаќа посебна минимална сума на вработените при пензионирањето во износ еднаков на двомесечна просечна плата. Друштвото нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените, бидејќи овој износ не е од материјално значење за финансиските извештаи.

2.18 Данок на додадена вредност

Приходите, трошоџите и средствата се признаваат намалени за износот на данокот на додадена вредност, освен:

-Кога данокот на додадена вредност од набавка на средства или услуги не е надоместив од даночната власт, во кој случај данокот на додадена вредност се признава како дел од трошоџите за стекнување на средството или како дел од трошокот каде што е соодветно; и

-Побарувања и обврски кои се искажани со вклучен износ на данокот на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се надоместува од, или се плаќа на даночните органи се вклучува како дел од побарувањата или обврските во Извештајот за финансиската состојба.

2.19 Резервирања

Резервирање се признава кога Друштвото има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна проџенка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се корегираат со џел да се рефлектира најдобрата тековна проџенка. Кога ефектот на временската вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоџите кои се очекува да се појават за подмирување на обврската. Резервирања не се признаваат за идни загуби од работење.

2.20 Признавање на приходи

Приходот се состои од приходи од продажба на производи и од извршени услуги. Приходот од главните производи и услуги е прикажан во Белешка 16.

Приходот се евидентира/признава според објективната вредност на надоместоците кои Друштвото ги примило или очекува да ги прими од продажба на производи или обезбедување на услуги без данок на продажба, рабат и продажни дисконти.

Друштвото го применува критериумот за признавање на приходот кој е претставен подолу при секој засебен дел од продажната трансакција за да може да ја прикаже природата на трансакциjата. Надоместокот кој се добива од овие трансакции се евидентира како посебна компонента земајќи ја во предвид објективната вредност на секоја компонента.

Приходот се признава кога истиот може да се измери, кога е веројатна наплатата, трошокот кој е направен или може да биде направен, реално може да се измери и кога се исполнети сите критериуми за различните активности на Друштвото. Овие критериуми се засноваат врз база на производите и услугите кои им се обезбедуваат на купувачите и условите од договорот кај секој случај како и подолу наведеното:

Приходи од продажба - продажба на големо

Приходот од продажба на производи се признава во моментот на испорака до корисникот, кога приходот може да се пресмета, кога е сигурно дека ќе има финансиски прилив и кога се исполнети специфични критериуми во однос на активностите на Друштвото. Приходите не се сметаат разумно мерливи се додека сите услови поврзани со продажбата не се исполнети.

Приход од обезбедување на услуги

Приходот од обезбедување на услуги се признава за периодот во кој се обезбедуваат услугите и се евидентира според степенот на завршување кога истиот може со сигурност да биде измерен. Степенот на завршување се одредува врз основа на проверка на извршената работа.

Приход од камата

Приходот од каматата се евидентира пропорционално на времето што го рефлектира ефективниот принос на средствата.

2.21 Преземени и неизвесни обврски

Не се евидентирани неизвесни обврски во финансиските извештаи. Тие се објавуваат доколку постои веројатност за одлив на средства кои вклучуваат економски користи. Неизвесните средства не се евидентирани во финансиските извештаи, но се објавуваат кога постои веројатност за прилив на економски користи.

Износот на неизвесна загуба се евидентира како резервирања доколку е веројатно дека идните настани ќе потврдат постоење на обврска на денот на известување и кога може да се направи разумна проценка на износот на загубата.

2.22 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде што еден од субјектите го контролира другиот или има значително влијание врз финансиските или деловните одлуки на другиот субјект.

2.23 Известување по оперативни сегменти

Сегмент претставува посебна група на средства и деловни активности со кои се обезбедуваат производи или услуги кои подлежат на ризик и награди и се различни од другите сегменти. Географскиот сегмент обезбедува производи и услуги во одредено економско опкружување кое е подложно на ризици кои се разликуваат од ризиците кај други географски сегменти.

2.24 Ефекти од ретроспективна корекција

Следните табели ги обелоденуваат ефектите од корекцијата на извештаите за финансиската состојба на Друштвото од 01 јануари 2012 и 31 декември 2012, како и врз извештајот за сеопфатната добивка и паричните текови за годината што завршува на 31 декември 2012 година.

Ефекти врз средствата, обврските и капиталот на 01 јануари 2012

	Белешки	01 јануари 2012 објавено	Корекции	01 јануари 2012 (Корегирани)
Побарувања од купувачи и останати побарувања	1	353,594	3,489	357,083
Обврски по даноци	2	(52,634)	(1,287)	(53,921)
Вкупен ефект на средствата нето		**300,960**	**2,202**	**303,162**
Резерви	3	(460,526)	294,823	(165,703)
Акумулирана добивка	4	(16,538)	(297,025)	(313,563)
Вкупен ефект на капиталот		**(477,064)**	**(2,202)**	**(479,266)**

Објаснувачки белешки:	
Б 1: Корекции исправка на вредноста на побарувања од купувачи од 2009	(11,096)
Б 1 Корекции исправка на вредноста на побарувања од купувачи од 2011	(1,776)
Б 1 Корекции данок на добивка од аванс на дивиденда	16,361
Б 2: Корекции обврска за данок на добивка од исправка на вредноста на побарувања од купувачи од 2009-2011	(1,287)
	2,202
Б 3: Корекции Покривање на загубата	147,604
Б 3: Корекции Реалокација на исплата на дивиденди во 2010	147,261
Б 4: Корекции Покривање на загубата	(147,604)
Б 4: Корекции Реалокација на исплата на дивиденди во 2010	(147,261)
Б 4:Нето ефект од зголемувањето на нето средствата	(2,228)
Б 5: Курсни разлики	26
	(2,202)

Ефекти од ретроспективна корекција (продолжува)

Ефекти врз средствата, обврските и капиталот на 31 декември 2012

	Објаснувачки белешки	31 декември 2012 објавено	Корекции	31 декември 2012 (Корегирани)
Побарувања од купувачи и останати побарувања	6	307,696	(16,451)	291,245
Обврски по даноци	7	(10,377)	(1,286)	(11,663)
Вкупен ефект на средствата нето		**297,319**	**(17,737)**	**279,582**
Резерви	8	(232,018)	170,167	(61,851)
Акумулирана добивка	9	(118,194)	(152,430)	(270,624)
Вкупен ефект на капиталот		**(350,212)**	**17,737**	**(332,475)**

Објаснувачки белешки:	
Б 6: Корекции исправка на вредноста на побарувања од купувачи од 2009-2011	(12,873)
Б 6: Корекции исправка на вредноста на побарувања од купувачи од 2012	(7,164)
Б 6: Корекции однапред платен данок	3,587
Б 7: Корекции обврска за данок на добивка од исправка на вредноста на побарувања од купувачи од 2009-2011	(1,287)
	(17,737)
Б 8: Корекции Покривање на загубата	147,604
Б 8: Корекции Алокација на исплата на дивиденди	13,406
Б 9: Корекции Покривање на загубата	(147,604)
Б 9: Корекции Реалокација на резерви	(2,228)
Б 9: Корекции исправка на вредноста на побарувања од купувачи од 2012	7,164
Б 9: Курсни разлики	(605)
	17,737

Ефекти врз вкупната сеопфатна добивка за година што завршува на 31 декември 2012

	Објаснувачки белешки	Година што завршува на 31 декември 2012
Влијание на добивката и загубата		
Зголемување во административните и продажни трошоци		
- Дополнителна исправка на вредноста на побарувања од купувачи	6	(7,164)
Намалување на добивката за годината		**(7,164)**
Влијание на останатата сеопфатна добивка за годината		-
Намалување на вкупната сеопфатна добивка за годината		**(7,164)**
(Намалување) на добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции		(7,164)
(Намалување) на вкупната сеопфатна добивка за годината која им припаѓа на имателите на обични акции		**(7,164)**

Ефекти од ретроспективна корекција (продолжува)

Ефектите врз заработувачката по акција (основна и разводнета) е објавена во Белешка 26.

Ефекти врз паричните текови за година што завршува на 31 декември 2012

	Година што завршува на 31 декември 2012
Парични приливи од деловни активности, нето	85
Парични (одливи) од инвестициони активности, нето	(41)
Парични приливи / (одливи) од финансиски активности, нето	-
Курсни разлики	(44)
Парични приливи / (одливи)	**-**

2.25 Настани по датумот на известување

Настаните по завршетокот на годината кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на известување (настани за кои може да се врши корегирање) се рефлектирани во финансиските извештаи. Настаните по завршетокот на годината за кои не може да се врши корегирање се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

3 Управување со финансиски ризици

3.1 Фактори на ризик од финансирање

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни финансиски ризици, вклучувајќи ризик од кредитирање како и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Одборот на директори врз основа на претходно одобрени пишани политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, ризикот од кредитирање, употребата на соодветни хартии од вредност и вложување на вишок ликвидни средства.

3.2 Пазарни ризици

Ризик од курсни разлики

Друштвото работи на меѓународни пазари и е изложено на ризици од курсни разлики кои произлегуваат од изложеност кон различни валути, посебно во однос на Еврото. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Одборот на директори на Друштвото е одговорен за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути и неговите операции се следат дневно од страна на Раководството.

Евидентираната вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валута е како што следи:

Средства		2013 000 МКД	(Корегирани) 2012 000 МКД
Парични средства и еквиваленти	ЕУР	71,413	68,598
Побарувања од купувачи - странски купувачи	ЕУР	182,724	190,084
		254,137	**258,682**
Обврски			
Обврски кон добавувачи - странски добавувачи	ЕУР	(52,044)	(126,160)
Позајмици	ЕУР	(374,128)	(503,898)
		(426,172)	**(630,058)**

Анализа на сензитивноста на странската валута

	Нето сума во МКД	+10%	-10%
31 декември 2013			
Добивка или загуба	(172,035)	(17,204)	17,204
(Корегирани)			
31 декември 2012			
Добивка или загуба	(371,376)	(37,138)	37,138

Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на странската валута за 10%. Позитивниот, односно негативниот износ означува зголемување/намалување на добивката или останатиот капитал, кој што се јавува во случај доколку денарот ја намали/зголеми својата вредност во однос на странските валути за +/- 10%.

Пазарни ризици (продолжува)

Ризик од каматни стапки

Ризик од каматни стапки претставува ризик дека објективната вредност или идните парични текови на финансиските инструменти ќе имаат промени поради промени во вредноста на пазарните каматни стапки. Друштвото е изложено на ризици поради промени на пазарните каматни стапки најмногу поради долгорочната обврска на Друштвото по основ на долг со варијабилна каматна стапка. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност.

Следната табела ја прикажува изложеноста на Друштвото на ризици од каматни стапки:

	2013 000 МКД	(Корегирани) 2012 000 МКД
Средства		
Без каматна стапка:		
Побарувања од купувачи, нето	165,856	196,184
Парични средства и еквиваленти	93	75
	165,949	**196,259**
Со фиксна каматна стапка:		
Вложувања во државни обврзници	-	5
Парични средства и еквиваленти	79,283	76,937
	79,283	76,942
	245,232	**273,201**
Обврски		
Без каматна стапка:		
Обврски кон добавувачи	147,791	191,630
Обврски по камати	888	1,509
Останато	64	39
	148,743	**193,178**
Со фиксна каматна стапка:		
Позајмици	2,406	1,407
	2,406	**1,407**
Со променлива каматна стапка		
Позајмици	374,128	503,898
	374,128	**503,898**
Каматна сензитивност	**525,277**	**698,483**

Номиналните каматни стапки изнесуваат од 6 - месечен Еурибор + 4% (2012: 6 - месечен Еурибор + 5%).

Анализа на сензитивноста на каматните стапки **На 31 декември 2013**	Нето износ во 000 МКД	2%	-2%
Позајмици со променлива каматна стапка	(374,128)	(7,483)	7,483
(Корегирани) **На 31 декември 2012**	Нето износ во 000 МКД	2%	-2%
Позајмици со променлива каматна стапка	(503,898)	(10,078)	10,078

3.3 Ризик од кредитирање

Кредитен ризик е ризик од финансиски загуби на Друштвото доколку клиентот или другата страна на финансиските инструменти не си ги исполни обврските од договорот и најчесто настанува од побарувањата од купувачите. Изложеноста на Друштвото на кредитни ризици зависи од индивидуалните карактеристики на секој купувач.

Друштвото има воспоставено политики за продажба на производи и услуги на клиенти со соодветна кредитна историја. Друштвото има политики кои го ограничуваат износот на кредитната изложеност на неговите клиенти.

Друштвото утврдува надоместок за оштетување кој претставува проценка за направени трошоци во однос на побарувањата од купувачи што се однесува на одредени загуби поврзани со индивидуално значајни изложувања. Максималната изложеност на Друштвото на ризик од кредитирање е претставена со евидентираниот износ на секое финансиско средство во Извештајот за финансиска состојба како што е прикажано подолу:

	2013	(Корегирани) 2012
Класи на финансиски средства - евидентирана вредност:		
Вложувања во државни обврзници	-	5
Парични средства и еквиваленти	79,376	77,012
Побарувања од купувачи, нето	165,856	196,184
	245,232	**273,201**

Кредитниот ризик за паричните средства и еквиваленти не е од материјално значајна вредност затоа што договорните страни се угледни банки со високо ниво на надворешно кредитирање.

Друштвото ја обезбедува својата кредитна изложеност кон клиентите со банкарски гаранции, акредитиви, парични депозити, авансно плаќања итн. Иако Друштвото има значајна кредитна изложеност на нестабилниот грчки пазар (на околу 60% од продажбата), избраните дистрибутери се претежно извозно ориентирани, факт кој ја минимизира изложеноста на ризик на грчкиот пазар. Според сознанијата, големите потрошувачи на Друштвото, до денес, не доживеале значителни финансиски потешкотии. Кредитниот квалитет на побарувањата од купувачите на 31 декември 2013 година се смета за добар.

Кредитниот квалитет на побарувањата од купувачите и дадените аванси со состојба на датумот на Извештајот за финансиска состојба е обелоденет во Белешка 9.

3.4 Ризик од ликвидност

Друштвото ги контролира потребите за ликвидност преку внимателно следење на планираните плаќања на долговите за долгорочни финансиски обврски како и со планирање на паричниот прилив и одлив кој се очекува во секојдневното работење. Потребите за ликвидност се набљудуваат во различни временски интервали. Побарувањата на нето парични средства се споредуваат со расположливите средства за позајмување за да се утврди дали постои недостиг на средства. Оваа анализа покажува дали расположливите средства за позајмување се очекува да бидат доволни во предвидениот период. Друштвото чува парични средства кои овозможуваат управување со потребите од ликвидност за минимален период од 30 денови. Управувањето со долгорочните потреби од ликвидност се врши со помош на средства од кредитни линии.

Со состојба на 31 декември 2013 и 2012 година, договорната доспеаност на обврските на Друштвото (вклучувајќи исплата на камати, доколку е применливо) е прикажана во следната табела:

На 31 декември 2013	Тековни 1 до 12 месеци (000 МКД)	1 до 5 години (000 МКД)	Нетековни Над 5 години (000 МКД)
Позајмици со камата	103,911	272,623	-
Обврски кон добавувачи	147,791	-	-
Обврски по камати	888	-	-
Останато	64	-	-
	252,654	**272,623**	**-**

(Корегирани) **На 31 декември 2012**	Тековни 1 до 12 месеци (000 МКД)	1 до 5 години (000 МКД)	Нетековни Над 5 години (000 МКД)
Позајмици со камата	182,088	323,217	-
Обврски кон добавувачи	191,630	-	-
Обврски по камати	1,509	-	-
Останато	39	-	-
	375,266	**323,217**	**-**

Наведените износи го рефлектираат договорниот недисконтиран паричен тек кој може да се разликува од евидентираната вредност на обврските на датумот на издавање на извештајот.

3.5 Управување со ризик на капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со понатамошна континуирана деловна активност со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да ја одржи или прилагоди структурата на својот капитал, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства.

Управување со ризик на капитал (продолжува)

Показател на задолженост

Структурата на капиталот на Друштвото се состои од обврски, пари и парични еквиваленти и капитал, кој се состои од акционерски капитал, резерви, ревалоризациони вишоци и акумулирана добивка. Раководството ја анализира структурата на капиталот на годишна основа како однос на нето обврските по кредити во однос со вкупниот капитал.

Нето обврските по позајмици се пресметани како вкупни обврски по позајмици намалени за износот на паричните средства и паричните еквиваленти.

Показателот на задолженоста на крајот на годината е прикажан како што следи:

	2013 (000 МКД)	(Корегирани) 2012 (000 МКД)
Позајмици со камата	376,534	505,305
Парични средства и еквиваленти	(79,376)	(77,012)
Нето обврски	**297,158**	**428,293**
Акционерски капитал	1,030,040	970,961
Показател на задолженост	**0.29**	**0.44**

3.6 Проценка на објективната вредност

Објективна вредност претставува вредност за која едно средство може да биде заменето или некоја обврска подмирена под нормални комерцијални услови. Објективната вредност се одредува врз основа на проценките направени од раководството, зависно од видот на средството или обврската.

3.6.1 Финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност

Финансиските средства измерени според објективната вредност во извештајот за финансиска состојба се прикажуваат во согласност со хиерархијата на објективната вредност која ги групира финансиските средства и обврски во три нивоа кои се базираат на значајноста на влезните податоци користени при мерењето на објективната вредност на финансиските средства. Хиерархијата според објективната вредност е одредена како што следи:

- **Ниво 1:** котирани цени (некорегирани) на активните пазари за идентични средства или обврски;
- **Ниво 2:** останати влезни податоци, покрај котираните цени, вклучени во Ниво 1 кои се достапни за набљудување за средството или обврската, или директно (т.е. како цени) или индиректно (т.е. изведени од цени); и
- **Ниво 3:** влезни податоци за средството или обврската кои не се базираат на податоци достапни за набљудување од пазарот.

31 декември 2013	Ниво 1 (000 МКД)	Ниво 2 (000 МКД)	Ниво 3 (000 МКД)	Вкупно (000 МКД)
Средства				
Државни обврзници	-	-	-	-
Вкупно	**-**	**-**	**-**	**-**

Проценка на објективната вредност (продолжува)

(Корегирани) 31 декември 2012	Ниво 1 (000 МКД)	Ниво 2 (000 МКД)	Ниво 3 (000 МКД)	Вкупно (000 МКД)
Средства				
Државни обврзници	5	-	-	5
Вкупно	**5**	**-**	**-**	**5**

3.6.2 Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Следната табела ја прикажува евидентираната вредност и објективната вредност на оние финансиски средства и обврски кои во Извештајот на финансиската состојба не се евидентирани според објективната вредност:

	Евидентирана вредност (Корегирани)		Објективна вредност (Корегирани)	
	2013 (000 МКД)	2012 (000 МКД)	2013 (000 МКД)	2012 (000 МКД)
Средства				
Побарувања од купувачи, нето	165,856	196,184	165,856	196,184
Парични средства и еквиваленти	79,376	77,012	79,376	77,012
Вкупно средства	**245,232**	**273,196**	**245,232**	**273,196**
Обврски				
Позајмици	376,534	505,305	376,534	505,305
Обврски кон добавувачи	147,791	191,630	147,791	191,630
Обврски по камати	888	1,509	888	1,509
Останато	64	39	64	39
	525,277	**698,483**	**525,277**	**698,483**

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност е еднаква со нивната евидентирана вредност.

Останати финансиски средства

Објективната вредност на монетарните средства кои ги вклучуваат паричните средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната евидентирана вредност поради доспеаноста која е пократка од 3 месеци.

Обврски кон добавувачи и обврски од позајмици

Сметководствената вредност на обврските кон добавувачи е приближна на нивната објективна вредност поради нивниот рок на доспевање од помалку од 3 месеци. Сметководствената вредност на обврски кон позајмици е приближна на нивната променлива каматна стапка што е слична на пазарот.

4 Значајни сметководствени проценки

При примената на сметководствените политики на Друштвото, опишани во Белешка 2 од Раководството на Друштвото се бара да врши проценки и прави претпоставки за евидентираните износи на средствата и обврските кои не се јасно воочливи од други извори. Проценките и придружните претпоставки се засновуваат на минати искуства и други фактори, за кои се смета дека се релевантни. При тоа, фактичките резултати може да одстапуваат од таквите проценки.

Проценките и главните претпоставки се проверуваат тековно. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој истите се ревидирани доколку таквото ревидирање влијае само за или во тој период, како и за идни периоди, доколку ревидирањата влијаат за тековниот и идните периоди.

Несигурност во проценките

Оштетување на нефинансиски средства

Загуба од оштетување се признава во износ за кој евидентираниот износ на средството или единицата која генерира парични средства ја надминува својата надоместлива вредност. При утврдување на надоместливата вредност, Раководството ги евалуира очекуваните цени и паричните текови од секоја единица што генерира парични средства и утврдува соодветна каматна стапка при пресметување на сегашната вредност на тие парични текови.

Оштетување на финансиски средства

Оштетување на побарувања од купувачи и останати побарувања

Друштвото пресметува оштетување на побарувања од купувачи и останати побарувања врз основа на проценети загуби што резултираат од неможноста на купувачите да ги извршат бараните плаќања. Проценката се базира на старосната структура на побарувањата од купувачи и отпишувањата во минатото, кредитоспособноста на купувачите и промените во условите за плаќање на купувачите, кога се евалуира адекватноста на загубата поради оштетување за спорните побарувања. Тука се вклучени претпоставки за однесувањето на купувачите во иднина и резултирачката наплата во иднина. Ако се влошува финансиската состојба на купувачите, реалното отпишување на тековно постоечките побарувања може да биде поголемо од очекуваното и може да го надмине нивото на досега признатите загуби поради оштетување.

Корисниот век на средствата кои се амортизираат

Раководството врши проверка на корисниот век на средствата кои се амортизираат на секој датум на известување. Раководството проценило дека корисниот век го претставува очекуваното користење на средството. Евидентираните износи се анализирани во Белешка 5 и 6. Сепак, фактичките резултати може да се разликуваат поради технолошката застареност. Проценките и предвидениот век на одредени артикли од недвижностите, постројките и опремата беа разгледани на 31 декември 2013 година (Белешка 5 и 6), врз основа на која е направена исправка, како што е прикажано во табелата подолу.

	2013	2012
Згради	20 години	40 години
Машини	4-10 години	10-20 години
Погонска опрема	4-10 години	4-20 години
Моторни возила и мебел	4-5 години	4-20 години

Значајни сметководствени проценки (продолжува)

Ефектот на овие промени на трошоците за амортизација за периодот што завршува на 31 декември 2013 година е 68,811 илјади Денари. Поради природата и различниот вид на опремата, ефектот на промени врз амортизацијата на трошоци за идните периоди е непрактично да се проценува.

Залихи

Залихите се вреднувани по пониската помеѓу набавната и нето реализационата вредност. При утврдување на нето реализационата вредност, се зема најобјективниот доказ / податоци расположливи при правењето на проценките.

5 Недвижности, постројки и опрема

	Земјиште и згради	Машини и опрема	Инвестиции во тек	Вкупно
На 01 јануари 2012 (корегирани)				
Набавна или реваloризациона вредност	313,601	1,023,072	11,787	1,348,460
Исправка на вредноста	(96,603)	(439,719)	-	(536,322)
Нето евидентирана вредност	**216,998**	**583,353**	**11,787**	**812,138**
Година што завршува на 31 декември 2012 (корегирани)				
Почетна нето евидентирана вредност	216,998	583,353	11,787	812,138
Набавки, нето од трансфери од инв. во тек	6,701	44,480	(522)	50,659
Отуѓувања, нето	-	(41)	-	(41)
(Депрецијација) за годината	(6,845)	(51,670)	-	(58,515)
Крајна нето евидентирана вредност	**216,854**	**576,122**	**11,265**	**804,241**
На 31 декември 2012 / 01 јануари 2013 (корегирани)				
Набавна или реваloризациона вредност	320,302	1,067,511	11,265	1,399,078
Исправка на вредноста	(103,448)	(491,389)	-	(594,837)
Нето евидентирана вредност	**216,854**	**576,122**	**11,265**	**804,241**
Година што завршува на 31 декември 2013				
Почетна нето евидентирана вредност	216,854	576,122	11,265	804,241
Набавки, нето од трансфери од инв. во тек	4,832	146,792	(967)	150,657
Отуѓувања, нето	(345)	(16,063)	-	(16,408)
(Депрецијација) за годината	(13,967)	(128,657)	-	(142,624)
Крајна нето евидентирана вредност	**207,374**	**578,194**	**10,298**	**795,866**
На 31 декември 2013				
Набавна или реваloризациона вредност	319, 801	1,178,564	10,298	1,508,663
Исправка на вредноста	(112,427)	(600,370)	-	(712,797)
Нето евидентирана вредност	**207,374**	**578,194**	**10,298**	**795,866**

Инвестиции во тек

На 31 декември 2013 година, инвестициите во тек во износ од 10,298 илјади Денари се состојат од трошоци за изградба на дел од филтерна станица и друга опрема.

Расход и продажба на машини и опрема

Во текот на 2013 година, Друштвото расходуваше и продаде дел од своите материјални средства. Добивката од продадените транспортни средства се во износ од 137 илјади Денари, додека отписот на канцелариска опрема и компјутери е со нето сегашна вредност од 1,545 илјади Денари (2012: 41 илјади Денари). Покрај тоа, целосно беше отпишана со нето сегашна вредност од 14,726 илјади Денари.

Залог врз недвижностите, постројките и опремата

Со состојба на ден 31 декември 2013, Друштвото има дадено заложни права - хипотеки врз дел од своите недвижности (деловни објекти, машини и опрема) како гаранција за исполнување на обврските по позајмици (види Белешка 13). На датумот на известување, нивната проценета вредност изнесува 548,902 илјади Денари (2012: 516,600 илјади Денари) (види Белешка 27).

6 Нематеријални средства

	Трошоци за трговски знаци и за развој	Нематеријални средства во подготовка	Вкупно
На 01 јануари 2012 (корегирани)			
Набавна или реваloризациона вредност	22,350	4,254	26,604
Исправка на вредноста	(5,157)	-	(5,157)
Нето евидентирана вредност	**17,193**	**4,254**	**21,447**
Година што завршува на 31 декември 2012 (корегирани)			
Почетна нето евидентирана вредност	17,193	4,254	21,447
Набавки, нето од преноси од инвестиции во тек	11,826	110,028	121,854
(Амортизација) за годината	(5,200)	-	(5,200)
Крајна нето евидентирана вредност	**23,819**	**114,282**	**138,101**
На 31 декември 2012 / 1 јануари 2013 (корегирани)			
Набавна или реваloризациона вредност	34,176	114,282	148,458
Исправка на вредноста	(10,357)	-	(10,357)
Нето евидентирана вредност	**23,819**	**114,282**	**138,101**
Година што завршува на 31 декември 2013			
Почетна нето евидентирана вредност	23,819	114,282	138,101
Набавки, нето од преноси од инвестиции во тек	20,482	(5,089)	15,393
Отуѓувања, нето	(280)	-	(280)
(Амортизација) за годината	(6,948)	-	(6,948)
Крајна нето евидентирана вредност	**37,073**	**109,193**	**146,266**
На 31 декември 2013			
Набавна или реваloризациона вредност	52,573	109,193	161,766
Исправка на вредноста	(15,500)	-	(15,500)
Нето евидентирана вредност	**37,073**	**109,193**	**146,266**

Со состојба на 31 декември 2013 година, нематеријалните средства во подготовка во износ од 109,193 илјади Денари се однесуваат на услуги поврзани со подготовка на земјиштето и отварање на нови подрачја за обработка. Поради фактот дека изведувањето на работите е поврзано со развојната и пред производствената фаза, Друштвото ги капитализираше сите трошоци како нематеријални средства во Извештајот за финансиската состојба. Активностите поврзани со отварање на нови подрачја за обработка во рудникот ќе продолжат и во 2014 година, од што се очекува зголемување на производството и во тој случај овие нематеријални средства во подготовка ќе се активираат и ќе започне да им се пресметува амортизација.

Од вкупната амортизација и депрецијација за годината што заврши на 31 декември 2013 во износ од 149,572 илјади Денари (2012: 63,715 илјади Денари), износот од 142,876 илјади Денари (2012: 60,958 илјади Денари) е алоциран во цена на чинење на продажбата, додека преостанатите 6,696 илјади Денари (2012: 2,757 илјади Денари) - во административни и продажни трошоци (види Белешка 18).

7 Финансиски инструменти по категории

Евидентираните вредности на финансиските средства и обврски на Друштвото признаени на датумот на Извештајот за финансиска состојба за објавените периоди можат исто така да бидат категоризирани на следниов начин:

	Кредити и побарувања	Средства по објективна вредност преку добивки и загуби	Расположливи за продажба	Вкупно
31 декември 2013				
Средства според Извештајот за фин. состојба				
Побарувања од купувачи, нето	165,856	-	-	165,856
Парични средства и еквиваленти	79,376	-	-	79,376
	245,232	**-**	**-**	**245,232**

	Обврски по објективна вредност преку добивки и загуби	Останати финансиски обврски	Вкупно
Обврски според Извештајот за фин. состојба			
Каматоносни позајмици	-	376,534	376,534
Обврски кон добавувачи	-	147,791	147,791
Обврски по камати	-	888	888
Останато	-	64	64
	-	**525,277**	**525,277**

(Корегирани)	Кредити и побарувања	Средства по објективна вредност преку добивки и загуби	Расположливи за продажба	Вкупно
31 декември 2012				
Средства според Извештајот за фин. состојба				
Останати краткорочни финансиски средства	-	5	-	5
Побарувања од купувачи, нето	196,184	-	-	196,184
Парични средства и еквиваленти	77,012	-	-	77,012
	273,196	**5**	**-**	**273,201**

	Обврски по објективна вредност преку добивки и загуби	Останати финансиски обврски	Вкупно
Обврски според Извештајот за фин. состојба			
Каматоносни позајмици	-	505,305	505,305
Обврски кон добавувачи	-	191,630	191,630
Обврски по камати	-	1,509	1,509
Останато		39	39
	-	**698,483**	**698,483**

8 Залихи

	2013	(Корегирани) 2012
Производство во тек	256,100	264,834
Готови производи	42,936	90,679
Резервни делови	26,075	21,085
Суровини	9,596	7,323
Трговски стоки	4,919	4,919
Останато	902	311
	340,528	**389,151**

Со состојба на 31 декември 2013 година евидентираната вредност на одредени полупроизводи и готови производи беше намалена до нивната нето реализациона вредност, која е добиена со примена на последните продажни цени како и независна проценка од овластени проценители за полупроизводите (блокови со лош квалитет) за кои немаше податоци за скорешни продажби.

Вкупната исправка на вредноста на залихите која паѓа на товар на тековните добивки и загуби во текот на 2013 година е во износ од 81,474 илјади Денари (2012: 7,283 илјади Денари), од кои готовите производи (блокови) беа намалени за износ од 46,139 илјади Денари а готовите производи (фрезовани плочи) беа намалени за износ од 35,335 илјади Денари. Понатаму, трошок за растур, расипување и крш беше признат во износ од 501 илјади Денари (2012: 8,402 илјади Денари) во тековните добивки и загуби (види Белешка 18).

9 Побарувања од купувачи и останати побарувања

	2013	(Корегирани) 2012
Побарувања од купувачи		
Домашни купувачи	18,311	30,913
Странски купувачи	131,033	82,295
Побарувања од поврзани субјекти (види Белешка 25)	39,176	107,825
	188,520	**221,033**
Намалено за: резервирања за оштетување	(22,664)	(24,849)
	165,856	**196,184**
Останати побарувања		
Однапред платен данок на добивка	45,954	62,206
Однапред платен ДДВ	11,935	9,844
Аванси на добавувачи	5,779	3,296
Одложени трошоци	2,958	16,805
Останати тековни побарувања	2,617	2,910
	69,243	**95,061**
Намалено за: резервирања за оштетување	-	-
	69,243	**95,061**
Побарувања од купувачи и останати побарувања	**235,099**	**291,245**

Со состојба на 31 декември 2013 година, салдото на однапред платен данок на добивка во износ од 45,954 илјади Денари (31 декември 2012: 62,206 илјади Денари) се однесува на претходно платени аконтации за данок на добивка за кој Друштвото поднесе барање за повраток на данок од Управата за јавни приходи. Со одлука на Управата за јавни приходи од мај 2013делумно се потврдува повраток на данок на добивка во износ од 18,221 илјади Денари кои беа вратени на Друштвото во текот на годината. Конечни решенија по контролата на Управата за јавни приходи беа примени во декември 2013 каде се потврдува повраток на данок на добивка во износ од 40,411 илјади Денари.

Побарувања од купувачи и останати побарувања (продолжува)

Старосна структура и квалитет на портфолиото на побарувањата

Со состојба на 31 декември 2013 година кредитниот квалитет на портфолиото на побарувањата од купувачите и авансите кон добавувачите на Друштвото е како што следи:

	Недоспеани и неоштетени	Доспеани но неоштетени	Оштетени	Вкупно
Набавна вредност	115,884	55,751	22,664	194,299
Намалено за резервирање поради оштетување	-	-	(22,664)	(22,664)
	115,884	**55,751**	**-**	**171,635**

Со состојба на 31 декември 2012 година кредитниот квалитет на портфолиото на побарувањата од купувачите и авансите кон добавувачите на Друштвото е како што следи:

	Недоспеани и неоштетени	Доспеани но неоштетени	Оштетени	Вкупно
Набавна вредност	182,980	16,500	24,849	224,329
Намалено за резервирање поради оштетување	-	-	(24,849)	(24,849)
	182,980	**16,500**	**-**	**199,480**

Во двата периоди за кои се известува доспеаните но неоштетени побарувања се со старост до 12 месеци.

Промените во сметката на резервирање поради оштетување на побарувањата од купувачите за годините коишто завршуваат на 31 декември 2013 и 2012 се како што следи:

	2013	(Корегирани) 2012
На 1 јануари	**24,849**	**443,457**
Отпис на оштетени претходно резерирани побарувања	(37)	(1,019)
Отпис на оштетени претходно резервирани поб.- Phalerco LTD Cyprus	-	(437,590)
Наплата на оштетени претходно резервирани побарувања	(8,813)	-
Тековен ресход од оштетени побарувања (Белешка 18)	6,665	7,164
Корекции на исправка на вредноста на побарувања (Белешка 2.24)	-	12,873
Курсни разлики	-	(36)
На 31 декември	**22,664**	**24,849**

Во текот на 2013 година, Друштвото изврши непосреден отпис на целосно ненаплатливи побарувања во износ од 557 илјади Денари (2012: 11,155 илјади Денари) (Белешка 18).

Промените во сметката на резервирање поради оштетување на останатите побарувања за годините коишто завршуваат на 31 декември 2013 и 2012 се како што следи:

	2013	(Корегирани) 2012
На 01 јануари	**-**	**182,206**
Исправка на вредност на оштетени побарувања	-	-
Отпис на исправката на вредноста на оштетени побарувања	-	(182,431)
Курсни разлики	-	225
На 31 декември	**-**	**-**

10 Останати краткорочни финансиски средства

Останатите краткорочни финансиски средства во целост се состојат од обврзници издадени од Владата на Република Македонија, а поголемиот дел од нив е искористен за подмирување на концесиските обврски на Друштвото кон Министерството за економија на Република Македонија. Државните обврзници се евидентирани по објективна вредност.

	2013	(Корегирани) 2012
На 01 јануари	**5**	**6**
Продажба на државни обврзници	(5)	-
Доспеани државни обврзници	-	(1)
Загуби од продажба на државни обврзници (види Белешка 18)	-	-
На 31 декември	**-**	**5**

11 Парични средства и еквиваленти

	2013	(Корегирани) 2012
Денарски и девизни сметки во банки	79,283	76,937
Готовина во благајна	93	75
	79,376	**77,012**

12 Акционерски капитал

Издадени акции

	Број на акции	Обични акции	Премија	Вкупно
Одобрени, издадени и во целост платени обични акции со номинална вредност од 1 Евро		(000 МКД)	(000 МКД)	(000 МКД)
На 31 декември 2013 и 2012	**4,686,858**	**287,372**	**253,778**	**541,150**

Структурата на акционерскиот капитал со состојба на 31 декември 2013 и 2012 година, е како што следи:

	Број на акции	Износ во евра	%
Stone Works Holding Cooperatief U.A Netherlands	4,143,357	4,143,357	88.40
Piraeus Bank SA.[1]	468,700	468,700	10.00
Останати - малцинско учество	74,801	74,801	1.60
	4,686,858	**4,686,858**	**100.00**

[1] Во својство на издавачот на сертификати ELPIS

Акционерски капитал (продолжува)

Останати компоненти на капиталот

	Законски резерви	Ревалоризаци-они резерви	Вкупно
На 01 јануари 2013	**61,851**	**97,337**	**159,188**
31 декември 2013	**61,851**	**97,337**	**159,188**
На 01 јануари 2012 објавено	**460,526**	**97,337**	**557,863**
Корекции	(294,865)	-	(294,865)
Пренос во резерви	42	-	42
На 01 јануари 2012 (корегирани)	**165,703**	**97,337**	**263,040**
Трансфер на дивиденди според записник на УЈП	(103,852)	-	(103,852)
31 декември 2012	**61,851**	**97,337**	**159,188**

Ревалоризациони вишоци

Ревалоризационите вишоци, кои со состојба на 31 декември 2013 година, изнесуваат 97,337 илјади Денари (31 декември 2012: 97,337 илјади Денари) се иницијално создадени во текот на 2002 година, врз основа на извршена независна проценка на недвижностите, постројките и опремата на Друштвото. Последователните промени (префрлувања во нераспределена добивка) се однесуваат на делот на ревалоризационите вишоци вклучени во продадените средства.

Резерви

Резервите, кои со состојба на 31 декември 2013 година изнесуваат 61,851 илјади Денари (31 декември 2012: 61,851 илјади Денари по корекции; На 1 јануари 2012 објавено: 460,526 илјади Денари), се создадени во текот на годините преку распределба на нето добивката по одаточување. Во согласност со законската регулатива, Друштвото има обврска секоја година да издвојува 5% (2012: 15%) од својата годишна нето добивка по одаточување, се додека нивото на тие резерви не достигне 10% (2012: 20%) од регистрираниот капитал.

Со одлука на Собранието на Друштвото, резервите може да се распределат за дивиденди на акционерите и/или за откуп на сопствени акции.

13 Позајмици

	2013	(Корегирани) 2012
Долгорочни каматоносни позајмици од банки		
Комерцијална Банка ад, Скопје (18,920,000 Еур; кам.стапка 6м.либор.+4%)	207,801	380,618
Комерцијална Банка ад, Скопје (1,250,000 Еур; кам. стапка 6м.Еурибор. +4%)	76,889	-
Комерцијална Банка ад , Скопје (123,280,000 Ден; кам. стапка 6.5% год)	89,438	123,280
Обврски за финансиски наем	1,295	765
	375,423	**504,663**
Намалено за тековна доспеаност на долгорочни позајмици	(102,800)	(181,446)
Вкупно долгорочни позајмици	**272,623**	**323,217**
Краткорочни каматоносни позајмици од банки		
Комерцијална Банка ад, Скопје, виза кредитна картичка	194	159
Обврски за финансиски наем	917	483
	1,111	**642**
Зголемено за тековна доспеаност на долгорочните позајмици	102,800	181,446
Вкупно краткорочни позајмици	**103,911**	**182,088**

Позајмици (продолжува)

Позајмиците од домашни финансиски институции се обезбедени со хипотека на дел од имотот на Друштвото (види Белешки 5 и 26).

Вкупните зголемувања на позајмиците и обврските за финансиски наем во текот на годината која заврши на 31 декември 2013 изнесуваат 79,266 илјади Денари (2012: 415,780 илјади Денари). Вкупните отплати во текот на истиот период изнесуваат 208,037 илјади Денари (2012: 133,066 илјади Денари).

Планот за отплата на долгорочните позајмици е како што следи:

	2013	2012
Во рок од 12 месеци	102,800	181,446
Во рок од 1 - 2 години	118,882	112,661
Во рок од 2 - 5 години	152,446	209,791
	374,128	**503,898**

Долгорочни обврски за финансиски наем се однесуваат на наем на возила. Планот за отплата на обврските за финансиски наем е како што следи:

	2013	2012
Сегашна вредност на плаќањето:		
Во рок од 1 година	917	483
Во рок од 1-5 години	1,295	765
Во рок над 5 години	-	-
	2,212	**1,248**

14 Обврски кон добавувачи и останати обврски

	2013	(Корегирани) 2012
Обврски кон добавувачи		
Домашни добавувачи	95,747	65,470
Странски добавувачи	45,096	107,157
Обврски кон поврзани субјекти (види Белешка 25)	6,948	19,003
	147,791	**191,630**
Останати тековни обврски		
Обврски кон вработените и раководството	17,308	14,147
Аванси на купувачи	17,036	4,382
Пресметани одложени трошоци	1,537	-
Обврски по камати	888	1,509
Обврски по дивиденди (нето од локални даноци)	95	118
Останато	64	39
	36,928	**20,195**
Вкупно обврски кон добавувачи и останати обврски	**184,719**	**211,825**

15 Обврски по даноци

	2013	(Корегирани) 2012
Надомест за концесија и други давачки	4,473	3,822
Данок по задршка	847	672
Обврски за персонален данок	522	183
Данок на добивка	-	6,974
Данок на дивиденди исплатени на нерезиденти	-	13
	5,842	**11,664**

16 Приходи од продажба

	2013	(Корегирани) 2012
Домашен Пазар	45,538	44,950
Странски пазари:		
-Грција	372,147	415,872
-Кипар	228,264	227,195
- Балкан	28,017	38,217
- Останати пазари	360,238	89,877
Вкупна продажба на странски пазари	988,666	771,161
Вкупно приходи од продажба	**1,034,204**	**816,111**

17 Цена на чинење на продажбата

	2013	(Корегирани) 2012
Залиха на готови производи и недовршено п/во на 1 јануари	355,513	336,659
Зголемено за: Вкупно производство за годината завршена на 31 декември	520,557	433,413
Зголемено за: Приход од исправка на вредноста на залихите	18,382	33,988
Намалено за: Исправка на вредноста на залихите и растур, расипување и крш	(81,975)	(8,402)
Намалено за: Залиха на гот.произв.и недовршено п/во на 31 декември	(299,036)	(355,513)
	513,441	**440,145**

18 Административни и продажни трошоци

	За годината завршена на 31 декември 2013		(Корегирани) За годината завршена на 31 декември 2012	
	Административни	Продажни	Административни	Продажни
Одобрен попуст на купувачи	-	170,695	-	108,075
Исправка на вредноста на залихите	-	81,474	-	7,283
Професионални консултантски услуги	48,771	-	49,405	-
Трошоци на вработени	33,270	14,198	28,279	6,192
Маркетинг и промоции	12,383	7,313	2,768	5,986
Услуги	8,708	18,746	6,806	7,039
Амортизација и депрецијација (Белешка 6)	6,616	80	2,726	31
Даноци и останати надоместоци	3,970	77	5,549	64
Материјали, резервни делови и енергија	1,510	531	1,983	1,316
Исправка на вредноста на недвижности, постројки и опрема	-	14,726	-	-
Отпис на побарувања	-	6,665	-	7,164
Вредносно усогласување на побарувања од купувачи	-	557	-	11,155
Сегашна вредност на продадени и отпишани средства	-	1,524	-	31
Растур, расипување и крш (Белешка 8)	-	501	-	8,402
Кусоци	-	-	-	180
Останати трошоци и провизии	31,337	4,508	12,303	1,495
	146,565	**321,595**	**109,819**	**164,413**

19 Трошоци на вработени

	2013	(Корегирани) 2012
Нето плати	120,486	121,331
Персонален данок и задолжителни придонеси	54,260	56,440
Останати надоместоци	11,994	18,492
	186,740	**196,263**

20 Останати деловни трошоци

	2013	(Корегирани) 2012
Камата на данок на добивка	10,027	-
	10,027	**-**

21 Останати деловни приходи

	2013	(Корегирани) 2012
Приход од корекција на исправка на вредноста на залихите	18,382	33,988
Приход од префактурирање на транспортни трошоци и др. услуги	9,554	-
-минус: Трошоци поврзани со погоре наведените услуги	(8,922)	-
Приход од побарувања кои претходно биле вредносно усогласени	8,813	-
Продадени материјали	2,007	17
Отпис на обврски и вишоци на залихи	668	97
Добивка од продадени материјални средства	137	-
Приход од наемнини	37	-
Приход од вложувања во државни обврзници	-	-
Останати приходи	11,344	8,180
	42,020	**42,282**

22 Финансиски приходи и расходи

	2013	(Корегирани) 2012
Финансиски приходи		
Приходи по камати	7,049	3,066
Позитивни курсни разлики	3,459	5,090
	10,508	**8,156**
Финансиски расходи		
(Трошоци) по камати	(27,282)	(28,790)
Банкарски (провизии)	(4,182)	(6,389)
Негативни курсни разлики	(4,561)	(6,004)
	(36,025)	**(41,183)**
Финансиски (расходи), нето	**(25,517)**	**(33,027)**

23 Даночен расход

	2013	(Корегирани) 2012
Тековен данок	-	-
Одложен данок	-	-
	-	**-**

Усогласувањето на данокот од добивка со добивката според Извештајот за сеопфатната добивка за 2013 и 2012 е како што следи:

	2013	(Корегирани) 2012
Неодбитни трошоци за даночни цели	86,965	33,064
Даночен кредит за расходите со одложено признавање	(555,336)	(606,316)
	-	-
Данок по стапка од 10%	**-**	**-**

Даночниот кредит во износ од 555,336 илјади Денари се однесува на трошоците за исправка на вредноста на побарувањата од Phalerco LTD Cyprus и FHL H. Kyriakidis Marbles - Granites S.A. ("FHL") признати во 2011 година, при што на располагање немаше соодветна документација како што се бара од страна на даночните власти со цел овие побарувања да бидат признаени како одбитни трошоци. Оттука, овие трошоци се сметаат за неодбитни трошоци и данок од 10% се признава во финансиските извештаи со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2011 година. Но во 2012 година Друштвото ги доби сите соодветни документи: како што се Потврда за приемот на барањето и прифаќање на побарувањата од страна на ликвидаторот за Phalerco LTD Cyprus и Награда на Меѓународниот арбитражен суд за FHL, и искажа даночен кредит на расходите со одложено признавање на 31 декември 2012 во износ од 606,316 илјади Денари. По конечните решенија на Управата за јавни приходи од декември 2013 година износот на даночен кредит беше намален за 17,916 илјади Денари кои произлегуваат од исправка на вредноста на побарувања и камата за позајмици.

24 Трошоци според нивната природа

	2013	(корегирани) 2012
Трошоци на вработени	186,740	196,263
Одобрен попуст на купувачи	170,695	108,075
Амортизација и депрецијација	149,572	63,715
Енергија и вода	110,597	92,307
Потрошени материјали, резервни делови и ситен инвентар	83,973	74,055
Исправка на вредноста на залихите	81,474	7,283
Услуги	50,181	29,985
Професионални консултантски услуги	48,771	49,405
Останати трошоци и провизии	35,845	13,798
Маркетинг и промоции	19,696	8,754
Исправка на вредноста на недвижности, постројки и опрема	14,726	-
Даноци и останати надоместоци	7,797	9,860
Отпис на побарувања	7,222	18,319
Сегашна вредност на продадени и отпишани средства	1,524	31
Растур, расипување и крш	501	8,402
Репрезентација	497	270
Транспортни трошоци	386	400
Осигурување	311	408
Кусоци	-	180
Останати трошоци	11,093	32,867
	981,601	**714,377**

25 Трансакции со поврзани субјекти

Табелата во продолжение го прикажува обемот и салдата од трансакциите со поврзаните субјекти со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2013 и 2012:

31 декември 2013	Парични средства	Побарувања	Обврски	Приходи	Набавки
Stone Works Holding Cooperatief U.A Netherlands	-	-	-	-	24,624
Castleblock Limited Nicosia Cyprus	-	30,029	-	228,264	2,283
NBGI Private Equity London	-	9,147	4,918	9,147	4,930
Стопанска Банка АД Скопје	1,590	-	-	-	-
Надоместоци за раководството	-	-	-	-	20,684
	1,590	**39,176**	**4,918**	**237,411**	**52,521**

Трансакции со поврзани субјекти (продолжува)

(Корегирани) 31 декември 2012	Парични средства	Побарувања	Обврски	Приходи	Набавки
Stone Works Holding Cooperatief U.A Netherlands	-	-	12,300	-	12,300
Castleblock Limited Nicosia Cyprus	-	101,110	-	227,587	2,272
NBGI Private Equity London	-	6,715	4,673	6,715	4,933
Ethemba Capital No.8 NV Curacao Netherlands Antilles[2][3][4]	-	-	2,030	-	2,030
Стопанска Банка АД Скопје	243	-	-	-	-
Надоместоци за раководството	-	-	-	-	12,491
	243	**107,825**	**19,003**	**234,302**	**34,026**

26 Заработувачка по акција

Основна заработувачка по акција се пресметува по пат на делење на добивката која припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

	2013	(Корегирани) 2012
Добивка расположлива на акционерите на Друштвото	59,079	110,989
Просечен пондериран број на обични акции	4,686,858	4,686,858
Основна заработувачка по акција (МКД по акција)	**12,61**	**23,68**

Ефектот од корегираните извештаи прикажани во Белешка 2.24 врз добивката и заработувачката по акција (основна и разводнета) за годината што завршува на 31 декември 2012 е како што следи:

	За годината завршена на 31 дек. 2012
(Намалување) на добивката која им припаѓа на акционерите на Друштвото	(7,164)
(Намалување) на заработувачката по акција (основна и разводнета) која им припаѓа на акционерите на Друштвото (МКД по акција)	(1,23)

[2] До 31 Мај 2013, индиректното учество на Ethemba Capital No.8 NV во капиталот на Stone Works Holdings Cooperatief U.A. беше превземен од фонд кој е управуван од NBGI Private Equity Limited.
[3] Во текот на Јули 2013, Ethemba capital No. 8 NV беше преименуван во Castle Holding NV.
[4] Договорот за консултантски услуги со Ethemba Capital No.8 NV веќе преименуван во Castle Holding NV е пренесен на Ethemba Capital No.8 LP која што имаше извршено консултантски услуги во износ од 2,030 илјади Денари и која има побарување од Друштвото на тој износ. Но тие не се појавуваат во погорната табела бидејќи не се поврзана страна на Друштвото.

27 Неизвесни обврски

Хипотеки

Обезбедените хипотеки се како што следи:

	2013	(Корегирани) 2012
Недвижности, постројки и опрема	158,207	159,900
Машини и опрема	390,695	356,700
	548,902	**516,600**

Гаранции

Обезбедените гаранции се како што следи:

	2013	(Корегирани) 2012
Издадени од Комерцијална Банка АД Скопје	33,329	8,000
	33,329	**8,000**

Корисник на гаранцијата е еден добавувач на Друштвото. Гаранцијата служи како сигурност дека Друштвото ќе ги плаќа навремено обврските кон добавувачот.

Судски спорови

Со состојба на 31 декември 2013 година, проценетата денарска противвредност на судските постапки покренати против Друштвото изнесува вкупно 1,400 илјади Денари (2012: 4,873 илјади Денари). Не се антиципирани материјално значајни обврски кои би произлегле од овие судски постапки, бидејќи професионалните правни совети покажуваат дека нема веројатност за појава на значителни загуби.

Даночни инспекции

Заклучно со 31 декември 2013 година извршени се следните даночни инспекции од страна на даночните органи:

- За ДДВ до 30 јуни 2009;
- За персонален данок на доход за периодот од 1 јануари 2007 до 31 декември 2008;
- За данок на добивка за периодот од 1 јануари 2007 до 31 декември 2012;
- За даноци на концесии до 31 декември 2011;
- За данок по задршка до 31 март 2012.

За неревидираниот даночен период, постои ризик од утврдување на дополнителни даноци и евентуални санкции доколку биде извршена таква даночна инспекција. Друштвото врши редовна проценка на потенцијалните обврски кои се очекува да произлезат од даночните инспекции од изминатите години. Раководството смета дека износите кои би можеле да се појават нема да имаат значаен ефект врз финансиските резултати и паричните текови.

28 Преземени обврски

Плаќања за оперативен наем

Со состојба на 31 декември 2013 година, плаќањата за оперативен наем се однесуваат на наем на возила. Распоредот за плаќање на оперативниот наем е како што следи:

	2013	(Корегирани) 2012
Плаќања за оперативен наем		
Сегашна вредност на плаќањето:		
Во рок од 1 година	1,028	1,931
Во рок од 1-5 години	1,436	884
	2,464	**2,815**

29 Договори за концесија

Во текот на 2000 и 2001 година, Друштвото и Министерството за Економија на Република Македонија потпишаа неколку договори за концесија за целите на истражување и експлоатација на локални наоѓалишта на ресурси за мермер. Согласно иницијалните одредби, Друштвото има добиено концесија за горенаведените активности за период од 30 години.

Во продолжение се дадени основните одредби од договорите за концесија согласно со кои Друштвото ги има следните обврски:

- Годишен надоместок за користење на локацијата за која е издадена концесијата во износ од 353 илјади Денари, и
- Надоместок за концесија на продадени количини на комерцијален мермер врз основа на Методологијата утврдена од Министерството за Економија на РМ за:
  - блокови 5% од вредноста на материјалот утврден во износ од 18 илјади Денари по метар кубен;
  - томболони 5% од вредноста на материјалот утврден на 9 илјади Денари по метар кубен;
  - материјал различен од блокови и томболони, кршен или мелен 20 Денари по тон.

30 Известување по деловни сегменти

На 31 декември 2013 и 2012 година, Друштвото е организирано во следниве деловни сегменти:

- рудник;
- фабрика.

Резултатите од работењето по сегменти за годините што завршуваат на 31 декември 2013 и 2012 се како што следат:

	Рудник	Фабрика	Вкупно
Година што завршува на 31 декември 2013			
Продажба	823,700	210,504	1,034,204
Добивка/(загуба) од деловни активности	139,263	(54,667)	84,596
Финансиски резултат, нето			(25,517)
Добивка пред оданочување			**59,079**
Данок од добивка			-
Добивка за годината			**59,079**
Останата сеопфатна добивка			-
Вкупна сеопфатна добивка за годината			**59,079**
(Корегирани)			
Година што завршува на 31 декември 2012			
Продажба	578,906	237,205	816,111
Добивка/(загуба) од деловни активности	164,984	(20,968)	144,016
Финансиски резултат, нето			(33,027)
Добивка пред оданочување			**110,989**
Данок од добивка			-
Добивка за годината			**110,989**
Останата сеопфатна добивка			-
Вкупна сеопфатна добивка за годината			**110,989**

Сегментните средства и обврски на 31 декември 2013 и 2012 година се како што следи:

	Рудник	Фабрика	Вкупно
31 декември 2013			
Вкупно средства	1,035,841	561,294	1,597,135
Обврски	469,744	97,350	567,094
Инвестиции	161,916	4,134	166,050

	Рудник	Фабрика	Вкупно
(Корегирани)			
31 декември 2012			
Вкупно средства	1,058,185	641,570	1,699,755
Обврски	548,612	180,181	728,793
Инвестиции	162,570	9,943	172,513

Продажбата по географски региони е како што следи:

	2013	(Корегирани) 2012
Македонија	45,538	44,950
Грција	372,147	415,872
Кипар	228,264	227,195
Балкан	28,017	38,217
Останати	360,238	89,877
	1,034,204	**816,111**

31 Настани по датумот на известување

По 31 декември 2013 година - датумот на известување до одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани одразени во финансиските извештаи или настани кои се материјално значајни за обелоденување во финансиските извештаи. Но следниве настани се значително важни и треба да бидат прикажани на овие финансиски извештаи:

1. На вонредното Акционерско Собрание одржано на 17 февруари 2014 беше донесена одлука за распоредување на акумулирани добивки остварени до 31 декември 2012 за дивиденди во износ од 0,47 еур по акција.

2. На вонредното Акционерско Собрание одржано на 17 февруари 2014 за членови на Одборот на Директори на Друштвото беа избрани Г-ѓа Јасна Ажиевска-Петрушева и Г-дин Вентсеслав Аврамов.

3. Управата за јавни приходи изврши поврат на данок на добивка во износ од 40,411 илјади денари.

4. На 27 јануари 2014 година и во согласност со рамката за права за концесии за ископување која што е валидна до 2030 година, на Друштвото му беше одобрена нова лиценца за ископување за рудникот Сивец, врз основа на проект кој го покрива периодот од 2014 до 2019 година.

Прилози

Прилог 1 - Годишна сметка со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2013

Прилог 2 - Годишен извештај за работењето со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2013